5

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

Примено: / E pranuar: 03-02-2022
Орг. Един. / Njësia Org.: 19-2771

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Рурална Коалиција**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Рурален женски е-пазар**
(Име на проектот)

Кичево, 28.01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-118/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Рурална Коалиција |
| Наслов на проектот | Рурален женски е-пазар |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Лилјана Јоноски |
| Проектен менаџер | Радмила Кипроска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078/303-735; rkoalicija@gmail.com |
| Цел на проектот | Зголемување на економската моќ и независност на жените од руралните средини преку создавање на стабилни и конкурентни вредносни синџири во локалната заедница |
| Целна група | Жени од рурални средини од 6 плански региони: Полошки, Пелагониски, Југоисточен, Југозападен, Источен и Североисточен |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално ниво со фокус на 6 плански региони: Полошки, Пелагониски, Југоисточен, Југозападен, Источен и Североисточен |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000 ден.. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600.000 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот

(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници):

Проектот рурален женски е-пазар ги опфаќа жените од руралните средини во 6-те плански региони кои што ќе беа директно вклучени во активностите на проектот и тоа: Пелагониски, Полошки, Југоисточен, Североисточен, Источен и Југозападен. Тука би напомenале дека поради интересот за активностите на проектот од страна на целната група истиот го проширивме на целата територија на државата и ги опфативме сите 8 плански региони особено во развојот на платформата, жените кои што се дел од истата, како и во промоцијата на платформата и промотивниот материјал на терен. Општата цел на проектот е насочена во делот на економското зајакнување на жените од руралните средини кои што беа едни од најпогодените маргинализирани групи на граѓани за време на пандемијата со Ковид 19, а добија најмалку од државата поради тоа што најголемиот број од нив се дел од неформалната економија, односно речиси целосно невидливи во системот на државата. Токму поради тоа со ваквиот проект се овозможи и се даде придонес кон директна долгорочна и одржлива поддршка на оваа група на жени кои што живеат во руралните средини и тоа преку креирање на платформа односно виртуелен пазар каде што жените може да го промовираат и продаваат сето она што го изработуваат или произведуваат како локални земјоделски производи. Ваквиот начин на продажба и промоција ќе даде значаен придонес во нивниот обид да успеат да ја вратат својата положба што ја имале пред пандемијата, но и да продолжат да се развиваат и економски да јакнат преку користење на дигиталните вештини и технологии. Иако со помалку од предвидените првични средства кои што ги имавме планирано за реализација на проектните активности сепак успеваме во целост да ги реализираме активностите предвидени во проектот со наш сопствен придонес како и придонес од донаторската заедница, па така проектот се спроведуваше низ 4 главни фази и тоа: 1. воспоставување на платформата, 2. зголемување на дигиталните и компјутерски вештини на жените од руралните средини, 3. промоција на платформата како би имало можност луѓето од градот да ги видат производите, да дознаат за платформата, да ги запознаат животните приказни на жените и секако да купат од нивните производи и последната 4-та фаза се

однесување на воспоставување на контакти и соработка со локалните власти и останати чинители во заедницата, а во насока на зголемено учество на жените во процесите на донесување на одлуки на локално ниво. Преку ваквата имплементација на проектот успеавме да ги постигнеме, па и надминеме очекуваните резултати во рамките на проектот:

1. **Мапирани традиционални производи и преработки од 6-те плански региони со потенцијал за промоција на платформата локален женски е-пазар**
2. **Воспоставена и функционална платформа за промоција на традиционални производи и преработки со минимум 100 корисници/чки**
3. **Зголемени знаења за маркетинг, промоција и дигитални вештини кај минимум 60 жени од руралните средини**
4. **Зголемена препознатливост на платформата и креирани локални вредносни синџири на поврзување: производители-бизнис сектор-локална самоуправа-крајни потрошувачи**

А со самото достигнување на резултатите Рурална Коалиција успеа да ја оствари и целта на проектот: **Зголемување на економската моќ и независност на жените од руралните средини преку создавање на стабилни и конкурентни вредносни синџири во локалната заедница**, чие што пак достигнување придонесе директно и кон *Унапредување на квалитетот на живот во руралните средини преку зголемување на економската и социјална инклузија на жените во локалната заедница* што е општа цел на проектот.

## 3. Спроведени активности и резултати од проектот

Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **1.1 Спроведување на теренско истражување и мапирање** на карактеристични традиционални производи и преработки во руралните средини во 8-те плански региони | Во 8-те плански региони беа ангажирани вкупно 16 истражувачи кои што работеа на мапирање на карактеристичните земјоделски производи и преработки на нашата земја. Истите работеа врз основа на претходно изработен прашалник од страна на ангажираниот експерт. | Август-септември 2021 | Вкупно 120 жени се мапирани во 8-те плански региони и нивните производи, како и фотографии се поставени на веб платформата |
| **1.2 Изработка на извештај и мапа на земјоделски производи и традиционални преработки** | Експертот направи анализа, односно извештај од собраните податоци на терен, истите ги групираше по региони, а се изработи и мапа на земјоделски производи согласно регионот во кој што се произведуваат, на така на платформата може да се најде дојрански кромид, беровски компир итн. | Септември 2021 | Изработен извештај и групирани карактеристични традиционални производи по региони, производите се поставени на платформата исто така по региони, а е подготвена и мапа на со локации каде што се наоѓаат жените и производите |
| **2.1. Воспоставување на платформата, нејзина изработка и дизајн** | Согласно потребата од кратење на дел од средствата предвидени во проектот, платформата беше изработена како ко-финансирање од Рурална Коалиција, како и други донатори, граѓански организации, бизнис сектор, донаторска заедница и слично | Август – Ноември 2021 | Платформата е изготвена во финална верзија и истата е достапна на следниот линк: https://www.nasatezga.mk/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.2. Објавување на оглас за пријавување на сите заинтересирани производителки да станат дел од платформата** | Согласно образецот кој што беше изготвен за мапирање на традиционалните производи и жените производителки беше објавен оглас кој што е постојано отворен на веб страницата на организацијата и во секое време сите жени кои што ќе пројават интерес ќе може да станат дел од платформата | Август 2021 - | Објавен е оглас за пријавување на жените од руралните средини и истиот е постојано отворен, а се промовира и на социјалните медиуми. Огласот е достапен на следниот линк: https://rural.mk/%d0%be%d0%b3%d0%bb%d0%b0%d1%81%d0%b8/ |
| **3.1. Организирање на 20 обуки за зголемување на дигиталната писменост кај жените и земјоделците на локално ниво** | Беа реализирани вкупно 20 обуки на локално ниво за зголемување на дигиталната писменост кај населението во руралните средини со придонес на организацијата и донаторската заедница, а со акцент на електронската комуникација со институциите и користење на електронски достапни апликации од интерес за земјоделците | Октомври – декември 2021 | 226 жени и земјоделци од рурални средини се обучени и ги поседуваат основните дигитални и компјутерски вештини за електронска комуникација со институциите |
| **3.3. Одржување на 8 студиски кружоци** | Поради големиот интерес за платформата се организираа вкупно 8 студиски кружоци со поддршка на регионалните координатори и волонтери на организацијата | Октомври – декември 2021 | Над 80 жени и млади добија информации, но и неформални знаења како за функционирањето на платформата, така и за основните знаења врз кои што се базира дигиталната и компјутерска писменост |
| **4.1. Спроведување на кампања за промоција на платформата** | Во текот на кампањата се изработија вкупно 5 различни видеа кои што ја најавуваат, а и кои што говорат за Наша тезга, додека пак во текот на јануари видео за платформата беше изготвено и од страна на тимот на Види Вака. Се организираше голем промотивен онлајн настан за промоција на платформата на 03-ти декември, а беа изработени и првите 50 промотивни пакети за настанот, додека пак пред Нова година вкупно беа изработени 100 пакети со здрави земјоделски производи кои што исто така многу придонесоа за промоцијата на платформата која што беше актуелна на сите национални и локални ТВ станици во земјава | Декември 2021 | Беа изработени и дистрибуирани 100 постери, 100 каталози со земјоделски производи и приказни на жените од руралните средини, 300 флаери, реализирани над 10 гостувања во национални и локални ТВ станици, изработени вкупно 5 промотивни видеа за Наша тезга, изработени и продадени 150 промотивни пакети со земјоделски производи, реализиран промотивен настан со 53 учесници со водителот и промотор на платформата, Огнен Јанески |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на спроведувањето на проектот не се појавија никакви проблеми туку напротив се постигна и многу повеќе од тоа што беше планирано.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Промовирање на проектот и платформата "Наша тезга" | | | https://mia.mk/nasha-tezga-onla-n-pazar-za-lokalna-hrana-shto-gi-raskazhuva-zhivotnite-prikazni-na-ruralnite-zheni-proizvoditelki/?fbclid=IwAR1qOpMtEZdteoqvJCy2CxN-Dr0BslNToa4KsHKsB7bA2BhyRs2g6L7HK0 |
| Промовирање на проектот и платформата "Наша тезга" | | | https://inovativnost.mk/2021/08/13/%D0%BD%D0%B0%D1%88%D0%B0-%D1%82%D0%B5%D0%B7%D0%B3%D0%B0-%D0%BE%D0%BD%D0%BB%D0%B0%D1%98%D0%BD-%D0%BF%D0%B0%D0%B7%D0%B0%D1%80-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB |
| Промовирање на проектот и платформата "Наша тезга" | | | https://time.mk/c/4be637722l/nasa-tezga-onlajn-pazar-za-lokalna-hrana-sto-gi-raskazuva-zivotnite-prikazni-na-ruralnite-zeni-proizvoditelki.html |
| Интервју со извршната директорка на РК за жените – земјоделки и најава на платформата | | | https://zelenaberza.com.mk/zhenata-zemjodelecz-ja-ima-najblagodornata-profesija-da-proizveduva-hrana/?fbclid=IwAR0GGG8yZZ517bljJgLtx3Htjots3FMHKRnmHFKcU5PEc0atlxFS-IasoY8 |
| Гостување на македонско радио, Прва програма, промоција на проектните активности, платформата, начинот на функционирање итн. во емисијата Утрински хрономер | | | http://www.predavatel.com.mk/play/mrt_radio1_live |
| Гостување во утринската програма на Македонска радио телевизија по повод Меѓународниот ден на руралната жена 15-ти октомври | | | |
| Промоција на активностите на РК за платформата на дебатата за родово-одговорно буџетирање по повод Меѓународниот ден на руралната жена 15-ти октомври | 30 | | https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=436183 ; https://www.biznisvesti.mk/debata-vo-ramki-na-proektot-rodovo-odgovorno-budhetiranje-vo-sektorot-zemjodelstvo-i-ruralen-razvoj/ ; https://www.vecer.press/%D0%B4%D0%B5%D0%B1%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%82- |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | %D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%BE/<br>;<br>https://zelenaberza.com.mk/tag/rodovo-odgovorno-budhetirane-vo-sektorot-zemjodelstvo-i-ruralen-razvoj/<br>https://rabotnik.com.mk/%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B4%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5-%D0%B5-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D0%B4%D0%B3/<br>https://vesti.mk/c/67cEf3wB4-jeX-N4NG-I/2021-10-14/ruralna-koalicija-do-kade-e-rodovoodgovornoto-budzetiranje-vo-sektorot-zemjodelstvo-i-ruralen-razvoj?<br>https://infokompas.com.mk/2021/10/20/%d0%b2%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%be-%d0%bf%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d1%9a%d0%b5%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%80%d0%bd%d0%b8%d1%88%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b5%d0%b3%d0%b0%d1%82%d0%b8%d0%b2?fbclid=IwAR1k1BuDUuSc7_CE-BeK5L-7UzQCrSjkbTFUpouAOPHfq9vEdL5bX-VppOc |
| Промотивен настан за лансирање на платформата | 53 | | https://civilmedia.mk/lansiran-prviot-zhenski-ruralen-e-pazar-nasha-tezga/?fbclid=IwAR03TH0JyQXqmKXtbVl3-zjQ_XA6mDTpIy2CHZKGExypNmIDqEuvK-_8vhQ<br>;<br>https://meta.mk/prviot-ruralen-e-pazar-nasha-tezga-primer-za-uspeh-na-zdruzheni-zheni/?fbclid=IwAR0ifd6I0i-n0YWIEggZn-aCYbn6AZZv7hvtDSPx4ywBq6w9TV4c7rse5Rc ;<br>https://time.mk/c/2c8ef0cd75/prv-zenski-ruralen-e-pazar-nasa-tezga.html?fbclid=IwAR0li7zksOoETobNQhXK8xer6TRc22hk3jP__3v0j2vHeCfANW47AWeBfhU ;<br>https://nezavisen.mk/prv-zhenski-ruralen-e-pazar-nasha-tezga/,<br>https://novatv.mk/ruralna-koalitsija-go-prezentira-prviot-zhenski-ruralen-e-pazar-nasha-tezga/ ;<br>https://www.vecer.press/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B5-%D0%BF/ ;<br>https://inovativnost.mk/2021/12/03/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%B8%D0%BE%D1%82%D0%BE%D0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 1%82-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B5-%D0%BF/ , https://www.brif.mk/prezentiran-prviot-zhenski-ruralen-e-pazar-nasha-tezga/ https://grid.mk/c/yFqogX0B4-jeX-N4pQMy/2021-12-03/prezentiran-prviot-zhenski-ruralen-epazar-%E2%80%9Enasha-tezga ; https://mia.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8%D1%80%D0%B0%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%80%D1%83%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B5-%D0%BF/ |
| Изработени и дистрибуирани флаери за теренска кампања | | | 300 | |
| Изработени и дистрибуирани постери за теренска кампања | | | 100 | |
| Изработени и дистрибуирани каталози | | | 100 | |
| Изработени промотивни видеа | | | 5 | https://www.youtube.com/watch?v=kmt5bN0rOSs&t=17s ; https://www.youtube.com/watch?v=BjswUQFFm0M https://www.youtube.com/watch?v=m9MIeaD-pD4&t=5s ; https://www.youtube.com/watch?v=mTVryRDRk9o&t=5s ; https://fb.watch/aE6nDh7r1X/ |
| Гостување во Канал 5 ТВ – Промоција на Наша тезга | | | | https://www.youtube.com/watch?v=I8w3XCzwauM&t=4s |
| Гостување во утринска емисија на Национална МТВ | | | | https://www.facebook.com/%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%83%D1%82%D1%80%D0%BE-%D1%83%D1%82%D1%80%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%9C%D0%A2%D0%92-507771612683609 |
| Гостување во 24 вести | | | | https://youtube.com/watch?v=eW4A7pEat3E&feature=share |
| Прилог за животот на жените во руралните средини на регионалната ТВ Ал Џезеира | | | | https://youtu.be/zd-EyA6OJtc |
| Емисија Аграр | | | | http://play.mrt.com.mk/play/50712 |
| Состојбата со жените во руралните средини | | | | https://meta.mk/zhivka-gjurchinovska-na-mladite-zemjodelki-im-trebaat-uslovi-i-finansiska-poddrshka-za-da-bidat-ramnopravni-so-mazhite/?fbclid=IwAR3HJVNrR1NiEO--cb5PsFIRtRfoOm5tQZA7Syw7Io-XXBWNuhrmGVyp3XI |
| Наша тезга на регионалната Кис | | | | https://www.facebook.com/watch/?v=388076659794 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТВ – Полошки регион | | | 80 |
| ТВ Сител – Жените земјоделки ќе продаваат онлајн | | | https://sitel.com.mk/zhenite-zemjodelki-kje-prodavaat-onlajn |
| Новогодишни пакетчиња – Наша тезга | | | https://gostivarpress.mk/novogodishni-paketchina-na-ruralna-koaliczija-i-nasha-tezga-od-decza-za-decza/ |
| Интервју – Наша тезга | | | https://infokompas.com.mk/2021/12/25/%d0%be%d0%bd%d0%bb%d0%b0%d1%98%d0%bd-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%b0%d0%b6%d0%b1%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b5-%d0%b8%d0%b4%d0%bd%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b5%d0%bc%d1%98%d0%be/?fbclid=IwAR2TSucDOUB2u9uEUvDorEkaRvrHKS_NZkXACD5h9YVwtg3g0yRI9YwoGms |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Како што беше и погоре споменато, во рамките на проектот благодарение на достигнатите резултати се овозможи целосно достигнување на целта предвидена на проектот, при што директно се придонесе кон економското зајакнување и независност на жените од руралните средини кои што во овој момент ги има над 120 на платформата, а со вака постигнатите цели и резултати секако дека се влијае и на унапредувањето на социо-економската положба на жените во руралните средини што е наша општа цел и како организација, а и како општество генерално. Направивме прва платформа од ваков вид во нашата држава која што е многу поразлична од сите останати со самото тоа што Ви дава можност да научите нешто повеќе за традицијата на производство во земјоделството, како и да ги прочитате животните приказни на жените на нивниот пат до активни лидерки и чинители во локалната заедница од каде што доаѓаат. Платформата е уникатна и во тоа што самите жени ја чувствуваат за своја затоа што беа директно вклучени ви сите фази од нејзината изработка, а исто така имаат можност која што активно ја користат и за меѓусебно запознавање како жени од разкични региони, но и размена на искуства како во делот на производството, така и во делот на користење на средства за финансиска поддршка и слично. Платформата понатаму е предвидено да се развива и во таа насока односно освен продажниот дел да има дел кој што ќе обезбедува информации, како и можности за едукација, но и регистрација на жените од руралните средини со платени придонеси што пак ќе им овозможи директна видливост и препознатливост во системот на државата кои што во моментов ги немаат, па тоа ги прави и дел од неформалната економија. Има многу што да се направи понатаму и тоа од целосен развој на платформата преку воведување на онлајн плаќање, дистрибутивна мрежа, едукативен и информативен дел итн.

Понатамошниот развој на платформата и дава на Рурална Коалиција и еден нов правец во кој што ќе се развива, а тоа е социјалното претприемништво затоа што многу е важно дел од средствата кои што ќе се заработуваат преку платформата повторно да се враќаат назад во руралните средини. На ваков начин ќе придонесуваме и кон подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, а со самото економско јакнење на жените ќе им се отвори и простор за учество и во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки во локалната самоуправа согласно нивните потреби и барања.

Поврзувањето на бизнис секторот, донаторската заедница, индивидуалните граѓани, градење на меѓу-секторски и меѓу-институционални соработки и партнерства со вклучување и на локалните, па и национални власти ќе биде исто така дел од Агендата на Рурална Коалиција, а која што треба да придонесе кон одржливоста на платформата на долг рок.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 138.250 | 138.250 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | 27.500 | 27.500 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација | | | |
| Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | 32.500 | 32.500 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | 235.100 | 235.100 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | 33.900 | 33.900 | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | 117.750 | 117.750 | |
| Освежување за теренска кампања | 15.000 | 15.000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000** | **600.000** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештан за плата и други релевантни документи).

Листа на документи кои што се доставуваат во прилог на завршниот извештај:

1. Примероци од публикации изработени во рамките на проектот;
2. Фотографии од настани и промотивна теренска кампања;
3. Копии од документација за реализирани трошоци

Кичево, 28. 01. 2022 год.

(Место) (датум)

Лилјана Јоноски, извршна директорка

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Потпис)